HALKBANK

Одлична можност да се приклучите кон реномирана финансиска институција и да станете дел од професионалниот тим, кој преку своите активности придонесува во остварување на целите и стратегијата и додава вредност со унапредувањето на процесите и активностите.

Согласно тековните потреби, процеси и активности во Халкбанк АД Скопје, објавуваме оглас за прием на новвработени лица во Дирекцијата за кредитирање на корпоративни клиенти и МСП на следната работна позиција:

## Референт во Одделение за кредитирање на мали и средни претпријатија
## (Референца Бр. 014/2024)

**Основни работни задачи:**

- Спроведување на задачи и активности од делокругот на анализа и разгледување на кредитни предлози;
- Согледување на кредитниот ризик за секој поединечен кредитен предлог;
- Следење на регулативата (екстерна и интерна) која се однесува на кредитирање и обезбедување на нејзина имплементација во секојдневното работење;
- Спроведување на други задачи и активности од делокругот на работењето на Одделението согласно интерната регулатива.

**Основните квалификации и барања кои кандидатот треба да ги исполнува за оваа позиција се:**

- Завршено ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ VII/1 степен Економски Факултет, насоки: Финансиски менаџмент, Сметководство и ревизија, Банкарство;
- Одлични познавања на англиски јазик за континуирана комуникација, пишување и читање;
- Напредно користење на MS-Office (Word, Excel и Microsoft Outlook);

**Истовремено, кандидатот треба задолжително да ги поседува следните познавања, вештини и квалификации:**

- Ориентираност и амбиција за стекнување нови знаења и вештини;
- Разбирање на економската средина и пазар ;
- Усмени и писмени комуникациски вештини;
- Аналитички способности;
- Способност за самоорганизирање и навремено завршување на работите;
- Ориентација кон постигнување на резултати и решавање на проблеми;
- Способност за работа во тим;

**Бенефиции:**

- Приватно здравствено осигурување;
- Политика за наградување преку системот на бонуси;
- Континуирани обуки за кариерен и професионален развој;
- Динамична работна средина;
- Продуктивно работно опкружување;
- Редовни тим билдинг и спортски активности и настани за дружење;

Доколку сте заинтересирани за позицијата и ги исполнувате условите од огласот, ве охрабруваме да аплицирате **најдоцна до 13.06.2024 година**, на следниов е-маил: career@halkbank.mk со назнака: **Референца Бр. 014/2024 – Референт во Одделение за кредитирање на мали и средни претпријатија.**

За да аплицирате, потребно е да ни го доставите вашето резиме (CV) на англиски јазик со фотографија. Со доставувањето на вашата апликација потврдувате дека прифаќате вашата апликација и лични податоци да бидат земени во предвид за идните потреби од нови вработувања на Банката во рок од 1 (една) година.

Само кандидатите кои ќе влезат во потесниот круг на селекција ќе бидат контактирани и повикани на тестирање на знаење и/или интервју.